

**Ванчо Николески (10.  1912 –  15.  1980)  е македонски писател, татко на македонската современа литература за деца и младина. Тој спаѓа во основоположниците на македонската книжевност за деца и е најистакнат претставник во периодот непосредно по  Втората светска војна .  Неговите песни и поеми, раскази и романи се исполнети со теми и мотиви од подалечната и поблиската историја на македонскиот народ.**

**Ванчо Николески е роден на 10 јуни 1912 година в охридското село  Црвена вода . Основно училиште завршил во родното село, гимназија во Охрид, а педагошко училиште во Скопје. По завршувањето на педагошкото училиште работел како учител во многу села низ Македонија  ( Белчишта ,  Косел и др.). Уште како ученик и млад учител пишувал песни за деца, објавувајќи ги во весниците „Учитељски подмладак“ (Ужице) и „Правда“ (подлисток за деца, Белград), како и во списанието „Венац“ на Јеремија Живановиќ (Белград).**

**За време на бугарската окупација на Македонија во Втората светска војна, Николески е еден од првите учители на македонски јазик во селата на ослободена Дебарца.  Сам пишувал текстови на македонски јазик и со нив држел настава.**

**По ослободувањето во 1944 година работи во Детска радост како редактор на весниците „ Титов пионер “ и „ Пионерски Весник “ и во детските емисии на Радио Скопие и Радио Битоля. Член е на  Друштвото на писатели на Македония од 1950 година. Поголем дел од својата кариера поминал во Битола како просветен работник, а последните години ги поминал во Охрид.**

**Добитник е на многу награди и признанија, меѓу кои „Климент Охридски“, „11 октомври“, и „Младо поколение“.**

**Ванчо Николески починал на 15 април 1980 година во Охрид.**

**Во негова чест Друштвото на писателите на Македонја ја доделува наградата „Ванчо Николески“ за книга за деца и млади.**

**Негови најпознати дела се: „Македонче“ (збирка песни за деца, 1946); „Мице“ (поема, 1947); „Моето село“ (песни, 1950); „Чудотворен кавал“ (разкази, 1952); „Четиринаесет илјади ослепени“ (историска поема за времето на цар Самуил, 1954); „Волшебното самарче“ (роман, 1962); „Гоце Делчев“ (роман, 1964) и многу други.**



Подготвил: Т.К.